Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-122/3
13.03 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 и 140 од Законот за високото образование на Република Македонија (Сл. весник бр.82/2018) и согласно со член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје) Наставничкиот Совет на својата 59 седница одржана на 13.03.2026 година донесе

# УПАТСТВО
## за уредување на процедурата за изработка, пријава и одбрана на дипломски труд на Бреинстер Некст Скопје на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии

### Член 1
### I. Предмет на уредување

1. Со ова Упатство се уредува процедурата за пријава, начин на изработка, структурата и критериумите за изработка на дипломски труд како и одбраната на проектот за дипломскиот труд на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии.
2. Дипломскиот труд е резултат на самостојна стручна работа на студентот, со која се демонстрираат стекнатите знаења и практики на студентите на Бреинстер Некст и се придонесува за решавање на проблеми од практиката.
3. Дипломски труд е финалниот проект на студиската програма и има за цел: примена на стекнатите вештини и знаења за реални проблеми; поттикнување на иновација, критичко размислување и техничка експертиза кај студентите; како и докажување на подготвеност на студентите за индустриските предизвици кои им престојат.
4. Дипломскиот труд има кредитна вредност од **7,5 ЕКТС.**

### Член 2
### II. Услови за пријавување на работа на дипломски труд

1. Право на пријавување на дипломски труд има студентот кој има освоени минимум **135 ЕКТС кредити**. Координаторот од студентски прашања кој го води студентот проверува во системот или во досието дали е исполнет овој предуслов.

**Член 3**

**III. Процедура за избор и пријавување на дипломскиот труд**

1. Процедурата за избор на тема за дипломски труд започнува во првиот месец од шестиот семестар, а завршува најдоцна две недели пред почетокот на блок 4 од шестиот семестар на студентите на Бреинстер Некст.
2. Темата на дипломскиот труд се пријавува од наставно-научната област, односно програмата која се изучува на Бреинстер Некст и треба да е усогласена со интересите на студентот и да адресира реален проблем од практиката.
3. Предлог темата на дипломскиот труд се доставува до академскиот комитет на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии кој се формира за оваа намена и истата се оценува и одобрува согласно критериумите: изводливост, оригиналност и релевантност.
4. Секоја студиска програма има посебен академски комитет.
5. Академскиот комитет на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии може да биде составен од наставници избрани во наставно звање кои предаваат на оваа студиска програма, гостински предавачи на оваа студиска програма, експерти од индустрија, академски координатори и/или студентски координатори. По исклучок, како дел од академскиот комитет на оваа студиска програма може да бидат избрани и други претставници доколку постои за тоа потреба.
6. Академскиот комитет на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии се формира со одлука на Наставниот совет на Бреинстер Некст при што се наведува студиската програма и сите членови кои се дел од конкретниот академски комитет.
7. Наставниот совет на Бреинстер Некст може да разреши и избере нови членови на академскиот комитет на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии на предлог на генералниот менаџер или директорот на Бреинстер Некст.
8. Студентите на Бреинстер Некст, во предвидениот рок, поднесуваат пријава за дипломскиот труд и пополнет бриф на предлог темата до академскиот комитет на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии.
9. Во рок од 14 работни денови по добиената пријава, академскиот комитет од студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии дава одговор на поднесената пријава со одобрување на истата или со насоки за подобрување и усовршување или целосна промена на пријавата.
10. Академскиот комитет од студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии може да донесе одлука

за одобрување на пријава за изработка на дипломски труд со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на комитетот.

**Член 5**

**IV. Процедура за изработка на дипломскиот труд**

11. Студентот поднесува предлог дипломски труд до академскиот комитет. Овој предлог треба да содржи: наслов, цел и опсег на проектот; временска рамка и ресурси и клучни технологии и методологии кои ќе се применуваат.
12. Доколку академскиот комитет оцени дека во однос на пријавената тема има простор за подобрување или усовршување на истата треба да го извести студентот. Во рок од 3 дена по добиените насоки од академскиот комитет, студентот е должен да испрати нова пријава согласно добиени насоки за подобрување и усовршување, односно 7 дена доколку добил насоки за целосна промена на темата.
13. Во текот на изработка на дипломскиот труд студентот работи индивидуално во сите три фази: истражувањето и иницијалниот прототип, понатаму во развојот и итеративните подобрувања како и тестирањето и финалните подобрувања.
14. Во текот на целиот процес на изработка и развој на дипломскиот труд, студентот треба да одржи најмалку 2 менторски сесии. Менторските сесии може да се одвиваат во три формати: а) peer to peer формат, во мали работни групи со средби за консултации и координација со назначен ментор и во термини организирани од Бреинстер Некст, б) Еден на еден средби со ментор - предавач или стучњак од практика и в) Групни средби со ментор - предавач или стручњак од праска.
15. Во текот на процесот за изработка и развој на дипломскиот труд се одржува една повеќе часовна средба со академскиот комитет, како и останати професори и ментори доколку има потреба од дополнителни членови и студентите на Бреинстер Некст каде се презентира напредокот, се разгледуваат предизвици и се одговараат прашања поврзани со пријавените дипломски работи. Оваа менторска средба се одржува во однапред определен термин од Бреинстер Некст.
16. Пред одбрана на дипломскиот труд, студентот е должен, во меил комуникација до академскиот комитет да испрати изработен проект, презентација за дипломскиот труд, техничка документација и детална документација за проект и истражување во која ќе го претстави својот проект, со цел академскиот комитет да има увид во истиот и да може да изведе соодветен фидбек и оформи оцена на одбраната на дипломскиот труд.

## Член 6
## <u>Одбрана на дипломски труд</u>

17. Право на одбрана на дипломскиот труд има студентот кој до предложениот термин за одбрана има:
    - ги има положено сите предмети согласно неговата студиска програма
    - има започнато со задолжителна пракса, односно издадена е формална Упатница за пракса од страна на Бреинстер Некст.
    - има добиено одобрение за дипломски труд од страна на академскиот комитет.
18. Студентите кои пријавиле дипломски труд, ќе ја реализираат одбраната во однапред дадениот термин, предвиден со академскиот календар во рамки на академската година. За одбрана на дипломскиот труд се предвидени 3 редовни сесии: јунска редовна испитна сесија, септемвриска редовна испитна сесија и февруарска редовна испитна сесија. Секој студент има 5 последователни сесии за одбрана на дипломскиот труд. Доколку во предвидените сесии не успее да го одбрани дипломскиот труд, студентот е должен да го започне процесот за презапишување на предметот "Дипломски труд" и одново да го започне и процесот за одбрана на дипломски труд.
19. Одбраната на дипломски труд е јавна. Јазикот на одбраната е ист со јазикот на студирањето.
20. Одбраната се одвива во присуство на тричлена комисија составена од академскиот комитет. Во улога на гости на одбраната може да присуствуваат и експерти од индустрија, професори од Бреинстер Некст, семејни гости на студентот, како и други претставници на јавноста.
21. Презентацијата на дипломскиот труд на студентот вклучува: претставување на проектот, техничка демонстрација, процес на изработка, предизвици и решенија.
22. По презентацијата на дипломскиот труд академскиот комитет може да поставува прашања за процена на разбирањето.
23. Во текот на одбраната административното лице составува записник за одбрана на дипломски труд.
24. Академскиот комитет ја евидентира оценката од извршената јавна одбрана на дипломскиот труд во записникот и се потпишува на истиот.
25. Дипломскиот труд се оценува согласно следните критериуми:
    - Финално решение и изведба (30%)
    - Процес, методологија и писмена експликација (30%)
    - Техничка документација и работни материјали (20%)
    - Презентација и одбрана (20%)
26. Дипломскиот труд се оценува со оценка од "pass" (положил) или "fail" (паднал) врз основа на наведените критериуми. Доколку студентот е оценет со fail, потребно е

заедно со записникот да му бидат дадени и забелешки кои треба да ги отстрани за следната јавна обрана. Студентот има право на само уште една јавна одбрана.

**Член 7**
**Завршни одредби**

27. Плагијат или употреба на неовластени ресурси води кон дисквалификација на студентот. Во процесот на подготовка на диплимскиот труд студентот е должен да поднесе и изјава за оригиналност на дипломскиот труд.
28. Академскиот комитет може да одлучи најдобрите дипломски работи да бидат објавени на платформата I.Am.Next или претставени на индустриски настани, а со цел збогатување на портфолиото на студентот и промоција на Бреинстер Некст.
29. Упатството стапува во сила со денот на негово донесување. Упатството да се достави до академскиот кадар, администрација, студентите и до архивата на Бреинстер Некст.

**Бреинстер Некст Скопје**
**Наставнички Совет**
**Директор**
М-р Анја Марија Макеска

**АНЕКС 1**

**До**
**Академски Комитет**
**Бреинстер Некст Скопје**

**П Р И Ј А В А**
**за дипломски труд**

од ________________________________________________, студент на Бреинстер Некст Скопје, со број на индекс _____________.

Бидејќи имам освоено __________ кредити на студиската програма ______________________, молам да ми се одобри пријавување на дипломски труд на тема:

____________________________________________________________________________

____________________, област: ___________________________________________.

**Пополнува Академски комитет во состав:**

Член на академски комитет_______________________________________

Член на академски комитет __________________________________________

Член на академски комитет __________________________________________

| **Подносител на пријавата** | **Согласност од академски комитет** | **Административна служба** |
| --- | --- | --- |
| ____________________ | ____________________ | __________________ |

**АНЕКС 2**

*Приватна непрофитна високообразовна установа*
*самостојна висока стручна школа*
*БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје*

Студиска програма: Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии
Број на индекс ________

**ЗАПИСНИК**
**од извршената јавна одбрана на дипломскиот труд**

На ден ________________ година, во просторија ________________, во време од _____ до _____ часот, на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје, е извршена јавна одбрана на дипломскиот труд од кандидатот

______________________________________________

**(презиме, татково име и име)**

со наслов:
______________________________________________
______________________________________________
Област: ______________________________________________

Врз основа на пишаниот дипломски труд и усната јавна одбрана на трудот, Академскиот комитет го оценува дипломскиот труд со оцена _____ (__________).

Скопје, ________2026 година

**Академски комитет**

1. ________________________, член
2. ________________________, член
3. ________________________, член

**АНЕКС 3**

**Бриф за предлог на студентски проект – Дигитален дизајн**

Овој документ се користи за одобрување на тема за дипломска работа. Тој треба јасно да објасни на што планирате да работите, зошто темата е релевантна и како се поврзува со знаењата и вештините стекнати во текот на студиите. Брифот треба да биде концизен, но доволно прецизен за Академскиот комитет да може да ја процени изводливоста и релевантноста на проектот.

---

### 1. Информации за студентот и проектот

Име и презиме на студентот:
Предложен наслов на дипломската работа (работна верзија):

Тип на проект (изберете што се однесува):

- Бренд идентитет / визуелна комуникација
- UX/UI дизајн (веб или апликација)
- Концепт за дигитален продукт / платформа
- Интерактивен / експериментален дизајн
- Друго (наведете):

---

### 2. Преглед на проектот и основен концепт

Со свои зборови, накратко опишете ја идејата за проектот.
Кој е основниот концепт зад проектот?
Што конкретно ќе дизајнирате или креирате како дел од дипломската работа?

(Доволни се 5–8 реченици.)

---

**3. Дефиниција на проблем, цел и очекувано влијание**

Кој проблем, потреба или можност ги адресира овој проект?
Зошто темата е релевантна денес (за корисниците, индустријата, општеството или дизајнерската пракса)?
Какво влијание очекувате вашето решение да има врз корисниците, комуникацијата или искуството?

---

**4. Контекст и опфат на проектот**

Дали проектот е:

- Концептуален проект
- Проект базиран на реален клиент или организација
- Редизајн на постоечко решение

Доколку е базиран на реален клиент или постоечки продукт, накратко објаснете го контекстот.

Што е вклучено во опфатот на проектот? Што е експлицитно исклучено?

---

**5. Целни корисници / публика**

Опишете ги примарните целни корисници:

Возраст:
Локација:
Клучни потреби, цели или проблеми:
Релевантни однесувања или навики:

---

**6. Дизајнерски пристап и методи**

На кои дизајнерски области и методи примарно ќе се потпира проектот?
(Изберете и накратко објаснете што е релевантно.)

- Визуелна комуникација и брендирање
- Типографија и леиаут
- UX истражување (интервјуа, анкети, тестирање)
- UX/UI дизајн и прототипирање
- Дизајн на интеракција
- Motion / анимација
- Основи на front-end (HTML/CSS/JS)
- Други релевантни методи или алатки

---

**7. Очекувани резултати и испораки**

Накратко опишете ги главните резултати и испораки што планирате да ги реализирате во рамки на дипломскиот проект.
(Наведете ги само клучните дизајнерски резултати. Придружната документација и писмената експликација се доставуваат како дел од финалните дипломски барања.)

Примери:

- Систем за бренд идентитет
- Лого и визуелни елементи
- UI дизајн за веб-страница или апликација
- Wireframes и прототипи

---

**8. Алатки и технологии**

Кои алатки планирате да ги користите? (на пр. Figma, Adobe Illustrator, Photoshop, InDesign, After Effects, Blender, HTML/CSS/JS итн.)

Кои AI алатки планирате да ги користите?

---

**9. Поврзаност со студиската програма**

На кои предмети или области на знаење се надоврзува оваа дипломска работа? (Може да наведете повеќе предмети, како UX процес, брендирање, типографија, прототипирање, методологии за истражување и сл.)

Накратко објаснете како овој проект ги демонстрира вештините стекнати за време на студиите.

---

**10. План на работа и временска рамка**

Накратко опишете ги главните фази на работа (на пр. истражување, концептуализација, дизајн, тестирање, финализација).

Доколку е можно, наведете приближна проценка за вкупното време што очекувате да го вложите, односно како ќе ја распределите работата до финалната презентација.

---

**11. Лична мотивација**

Зошто ја избравте оваа тема?
Што лично сакате да истражите, научите или докажете преку овој дипломски проект?

---

**12. Потенцијални ризици и ограничувања**

Идентификувајте можни ризици или ограничувања поврзани со проектот (на пр. премногу широк опфат, ограничен пристап до корисници, временски ограничувања, технички или продукциски предизвици).

Како планирате да ги управувате или намалите овие ризици?

**Напомени за доставување**

Овој бриф се користи исклучиво за одобрување на темата и насочување на проектот.
Проектот мора да биде примарно дизајнерски ориентиран.
Имплементацијата или развојот, доколку се вклучени, треба да бидат ограничени и јасно дефинирани.
Комитетот може да побара измени пред финалното одобрување.
Пополнетиот документ се доставува заедно со останатите потребни материјали за пријава на дипломска работа.

**Датум и Место** **Потпис на студент**

____________ ________________

**АНЕКС**

# ИЗЈАВА ЗА ОРИГИНАЛНОСТ НА ДИПЛОМСКИ ТРУД

Јас, ______________________________ (име и презиме на студентот), студент на **Бреинстер Некст Скопје** , на студиска програма **Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии** со број на индекс __________, со оваа изјава потврдувам дека дипломскиот труд со наслов:

„__________________________________________________________________________"

е моја оригинална и самостојна работа.

Изјавувам дека:

- Трудот е мое лично дело и не содржи материјали преземени или копирани од други лица или институции;
- Трудот не е поднесен како дел од друга академска или професионална обврска на друга висока стручна школа,  факултет или универзитет;
- Сите извори на информации, идеи и податоци што не се мои се правилно наведени и цитирани според академските стандарди;
- Свесен/а сум дека секој обид за плагијат претставува тешка повреда на академската етика и повлекува поништување на трудот и други дисциплински мерки според важечкиот правилник на Бреинстер Некст..

Со својот потпис потврдувам дека сум ја прочитал/а и целосно ја разбирам оваа изјава.

**Датум:** **Име и презиме и своерачен потпис:**

___.___.202_ година ______________________________